


# СОВЕТИ И ТРИКОВИ ЗА ПОГОЛЕМО И ПОДОБРО ЕУЧЕСТВО НА МЛАДИТЕ

**OPIN Упатство**
Совети и трикови за поголемо и подобро еУчество на младите

**Автори:**
Катерине Линдегаард Јуул & Бјорн Бедстед
Фондација Дански одбор за технологија (DBT)
www.tekno.dk
Ноември 2017[1]

Преведено од Англиски на Македонски од Маја Ѓичева Петрова и Ирена Георгиева.

OPIN Упатството е дел од проектот EU[th] – Алатки и совети за мобилно и дигитално учество на младите во и надвор од Европа кој што трае од Март 2015 до Февруари 2018. Проектот доби фондација од Хоризон2020 програма за истражување и иновации на Европската Унија под договор за поддржување бр. 649594. Ова издание го рефлектира само мислењето на авторот. Ниту Извршната Агенција за истражување ниту Европската Комисија се одговорни за употребата на било која информација содржана во ова издание.

За повеќе информации за EUth проектот и неговите партнери, молам побарајте на интернет страната на проектот: **www.euth.net.**

За повеќе информации околу OPIN платформата, посети **http://www.opin.me.**

1 Сите УРЛ-адреси во ова издание биле пристапени на 16ти Ноември 2017.



СОДРЖИНА

Добредојде! 4

Зошто еУчеството на младите е патот напред 5

Општи принципи за учество во кратки црти 6

Четири фази на еУчество на младите 7

Фаза на идеја: Рамки на проектот 8

Фаза на подготовка: Припремај го твојот проект 17

Фаза на учество: Стави го твојот проект во употреба 27

Фаза на исход: Нека твојот проект биде важен 32

EU[th] партнери на проектот 34

## Добредојде!

**Доколку го читаш ова, значи дека ти сериозно мислиш да ги вклучиш младите луѓе во донесување на важни одлуки кои влијаат на нивните животи. Партнерите на EU[th] проектот ти се заблагодаруваат за тоа и ти посакуваат добредојде во голема заедница на индивидуи и организации кои практикуваат и веруваат во партиципативна демократија.**

### Совети и трикови за поголемо и подобро еУчество на младите

OPIN Упатството е создадено да им помага на иницијаторите кои сакаат да применат проекти на младинско еУчество на OPIN платформата (www.opin.me), развиена од партнерите на EUth проектот, како и на иницијаторите на младинско учество во општо – дали на интернет или надвор од интернет сферата – коишто исто можат да имаат корист од него.

### Позадината на OPIN Упатството

OPIN Упатството беше развиено од Фондацијата Дански одбор за технологија („Danish Board of Technology Foundation (DBT)„) во соработка со партнерите на EUth проектот. Во процесот на развој, европските младински работници, акционери, истражувачи, и млади луѓе константно ги споделуваа со нас нивните погледи, искуства и визии за еУчество на младите.

Како и во овој документ, каде што упатствата се презентирани во целост, советите и триковите можат да се најдат и во прилагодената форма директно во секторот Помош на OPIN Платформата. OPIN упатството е само едно од неколку помагала коишто ти можеш да ги најдеш на платформата, меѓу другите и:

**OPIN упатства за користење:** Овие упатства ќе те научат сѐ што треба да знаеш за тоа како работи OPIN платформата и нејзините додатоци.

**OPIN алатка за подршка во одлуката:** Оваа алатка ќе ти помогне да го најдеш процесот за учество којшто одговара на твојот проект и ти помага да поставиш проект за еУчество на OPIN платформата.

**OPIN упатство тренирај-го-тренерот:** Овој материјал ќе ти овозможи да спроведеш обука за тоа како да планираш и реализираш проекти за младинско еУчество.

**Но пред да ги провериш овие неколку помагала те охрабруваме да до прочиташ до крај OPIN Упатството.**

**УБАВО ЧИТАЊЕ!**
**„DBT„ и Партнерите на EU[th] Проектот**



## ЗОШТО ЕУЧЕСТВОТО НА МЛАДИТЕ Е ПАТОТ НАПРЕД

### Зошто да учествуваш?

Учеството на граѓаните во донесување на политички одлуки – доколку се правилно спроведени – води до легитимни, иновативни и цврсти одлуки. Демократијата се одржува жива со олеснување на дијалогот помеѓу граѓаните и оние што одлучуваат во донесување на конкретни одлуки и политики кои треба да бидат креирани.



### Зошто младинско учество?

За да промовираме демократско општество и да ги охрабриме младите луѓе активно да влијаат на условите под коишто тие живеат, важно е да им се понудат платформи и структури за вклучување во донесување на политички одлуки. Младите луѓе се често малку застапени во повеќе традиционални процеси на учество, кои се генерално направени за граѓани од сите возрасти. Затоа, потребни се напори со цел да се вклучат млади луѓе во донесување на политички одлуки.

### Зошто младинско еУчество?

Во основа, младите луѓе се повеќе активни корисници на форуми на интернет и социјални мрежи отколку постарите граѓани и потешко можеш да ги вклучиш во процеси на учество „очи-во-очи„ како што се работилниците и состаноци во градските сали. Еден одговор на тоа е да се дизајнира учеството „очи-во-очи„ на таков начин што би бил попривлечен за младите луѓе. Друг е да се состанеш и контактираш со нив онлајн, што е главна причина затоа да се развие OPIN платформата. Меѓутоа, има и други аргументи за избор на методите на еУчеството како замена за – или дополнување на – методот на учествување „очи-во-очи„:

- **Независност од простор и време** Луѓето можат да земат учество каде и кога тие сакаат.
- **Помали трошоци** Директни трошоци за изнајмување на простор, транспорт и кетеринг можат да бидат избегнати.
- **Напредување** Повеќе луѓе можат да учествуваат без големо покачување на трошоците.
- **Поголема транспарентност** Секој чекор од процесот на учество може да се следи и да биде достапен.

Важно е да се биде свесен за фактот дека горе наведените аргументи се само потенцијални добивки кои можеби не се однесуваат на процесот за младинско учество кој што ти го планираш. Твојот процес можеби нема потреба да биде независен од просторот и времето; еУчеството може да биде скапо во друг поглед отколку учеството „очи-во-очи„ (пр. времето потрошено за задржување на учесниците ангажирани и софтверски лиценци); често е потешко отколку што се очекува за да се привлече голем број на учесници; и претераното фокусирање на транспарентноста може да резултира да учесниците се изгубат во деталите. Но ова OPIN Упатство е твојата помош. Тоа ќе ти достави совети и трикови за да ги присобереш сите придобивки што проектите за еУчество имаат да ги понудат.

### Комбинирај онлајн и офлајн учество

Иако еУчеството е добро прилагодено за одредени учеснички активности, понекогаш може да биде премногу ограничено и нефлексибилно споредено со методот офлајн и „очи-во-очи„ коишто настојува да ги замени или дополни. Конкретно, учесничките процеси кои имаат потреба од опширни и комплексни дебати за да се дојде до заклучоци и да се развие препораки се, благо кажано, тешки за организирање отколку еУчеството. Во основа, партнерите на EUth веруваат во партиципативно учество каде што офлајн и онлајн компонентите одат заедно. Базирано на нашето искуство, тоа ќе го даде најдобриот резултат.

## ОПШТИ ПРИНЦИПИ ЗА УЧЕСТВО ВО КРАТКИ ЦРТИ



**РАНО ВКЛУЧУВАЊЕ**
Вклучи ги младите луѓе најрано што можеш во процесот на донесување на одлуки.



**ТРАНСПАРЕНТНОСТ**
Биди јасен и искрен во твоите намери и цели уште на почетокот. Процесот треба да биде транспарентен, што младите учесници и јавноста да можат да видат што се случува и како се донесуваат одлуки.

**УСОГЛАСУВАЊЕ НА ОЧЕКУВАЊАТА**
Биди јасен/а за обемот на влијанието на младите луѓе во исходот во процесите на донесување одлуки во кои ги вклучуваш.



**ВИСТИНСКО ВЛИЈАНИЕ**
Осигурај ја сопственоста на резултатите преку вистинско влијание врз одлуките кои треба да бидат донесени.



**ИНФОРМАЦИИ**
Користи насочени информации кои ќе бидат разбирливи за младите луѓе и која презентира различни и можеби контрадикторни ставови на темата која ќе биде дебатирана.



**ПРАКТИЧНА ОРГАНИЗАЦИЈА**
Биди видливо во контрола на практичната организација на проектните активности како онлајн така и офлајн.



**НЕУТРАЛНОСТ**
Менаџирањето на процесот на учество треба да биде без предрасуди и отворен кон различни учесници и мислења.




**ДЕБАТИРАЊЕ**
Дај им можност на младите луѓе да разговараат околу различните потреби, желби и можности на структуриран начин помеѓу нив, а ако времето дозволи и со различни акционери, експерти и донесувачи на одлуки.





## ЧЕТИРИ ФАЗИ НА МЛАДИНСКО еУЧЕСТВО

**Во наредните четири поглавја, упатството на OPIN цели кон тоа да ти помогне да ги искористиш сите бенефиции кои што младинските проекти на еУчество можат потенцијално да ги нудат. Поглавјата ќе те водат низ различните чекори од младински проект за учество. Некои од советите и триковите кои се дадени можат да се соодветни општо за процесите на учество, додека други се соодветни конкретно за младински процеси на еУчество.**

Пред да ги прочиташ советите и триковите од упатството на OPIN е важно да имаш на ум дека еУчеството е само еден граден елемент на твојот проект. Како прво, еден процес на еУчество не е само за поставување на карактеристики на онлајн учество: има повеќе градни елементи кои го опкружуваат или се интегрален дел од процесот на еУчество. Исто така овие градни елементи треба да ги изградиш пред, за време на или после траењето на процесот на еУчество за да го направиш твојот проект успешен. Како второ, процесот на еУчество никогаш не е изолирана активност. Тоа е дел од поголем политички процес над којшто можеби имаш или немаш контрола и околу којшто исто така треба да бидеш добро информиран. Само тогаш ќе бидеш во можност да дизајнираш проект којшто е соодветен и ќе добие значајни резултати коишто навистина би можеле да се искористат за нешто.

### Логиката позади структурата на упатството на OPIN

Упатството на OPIN е структурирано хронолошки според следниве четири фази на проектот:

**Фаза на идеи**
Суштината на оваа фаза е да го оформиш твојот проект на еУчество и да ја придобиеш поддршката на оние кои ги донесуваат одлуките.

**Фаза на подготовка**
Во оваа фаза сè се врти околу конкретизирањето на твојата проектна идеја и нејзиното детално поставување.

**Фаза на учество**
До сега твојот проект треба да биде подготвен до детали, така да во оваа фаза се работи за неговото извршување.

**Фаза на исход**
Главната цел на оваа фаза е да постигнеш да ги направиш резултатите на твојот проект на еУчество да влијаат.

Во употреба, оваа хронологична структура најверојатно ќе биде преоптеретена поради тоа што често ќе се појави вплетување на различните фази. Истото важи и за советите и триковите за подобри и повеќе младински проекти на еУчество кои спаѓаат под различните фази. Но сè додека добро размислиш околу проблемите кои ти се презентирани во упатството на OPIN, твојот проект е во добри раце.

## Фаза на идеја: Рамки на проектот

**Многу предизвикувачки е да го насочите целото внимание и ресурси кон извршување на вистинските активности за учество. Иако и ова е секако многу важно, има многу работа која треба да се заврши пред да стасаш толку далеку.**

Првата фаза на еден проект за учество многу често е потценета и не и се посветува доволно внимание. Ова е навистина голема штета бидејќи токму во оваа фаза целиот проект треба да се формира и развие. Ако доволно внимание се посвети во овој дел ќе се избегнат многу потешкотии во подоцнежните фази. Ако имаш јасна слика за целта на проектот, и на целите кои сакаш да ги постигнеш на почетокот, многу веројатно е дека ова ќе влијае многу добро на проектот. На крај, ова секако ќе ги зголеми шансите за успешно достигнување на целите на проектот.

Во ова поглавје ќе дадеме неколку совети и трикови кои ќе ти помогнат да добиеш добар старт на твојот проект.

### Манифест : Верувај во учеството!

Дали си навистина подготвен да им дозволиш на младите луѓе да влијаат на одлуките во кои тие треба да помогнат да се обликуваат и/или да ги донесат? Ако твојот одговор на ова прашање е да тогаш скокни го овој параграф. Ако се двоумиш те молам продолжи со читање.

Не поставувај прашање на кое не сакаш да добиеш одговор! Кога ќе добиеш одговор имаш обврска да се трудиш и да го почитуваш при процесот на донесување одлуки. Ако немаш намера да го сториш тоа, тогаш немој да го трошиш времето и трудот на младиот учесник.

### Младинско еУчество не функционира кога...

- Го правиш проектот за да им држиш лекција (попуваш) на младите и да ги убедиш да се однесуваат на одреден начин.
- Го формираш проектот без да земеш во предвид што ќе им одговара на младите кои би сакал да учествуваат.
- Ги прашуваш младите да дадат свои мислења во процесот на одлуки, но немаш намера да ги земеш во предвид мислењата при самите одлуки.
- Бараш многу мислења и идеи, но цело време ги анализираш и преиспитуваш наместо да ги вреднуваш.

### Водечки принцип на твојот проект за младинско еУчество

Пред да продолжиш со читење запомни го овој совет:

**Почитувај ги младите во тоа што заедно го правите!**

Ова значи дека треба секогаш да ги вкучуваш и да ги земаш во предвид мислењата на младите при донесувањето на одлуки за твојот проект. Добро би било да дозволиш овој совет да те води низ сите фази на проектот. Ова ќе ти ги зголеми шансите за поставување на успешен проект кој ќе им биде привлечен на младите.

### Биди јасен во твоите цели од почетокот

Прво што треба да се запрашаш е:

- Зошто го започнуваш проектот?
- Зошто младите треба да бидат вклучени во него?



Ако веќе работиш тимски на проектот, многу е важно секој член да ја знае вистинската цел. Кога сите ќе имаат јасна претстава за целта, запиши го тоа. Секогаш ќе можеш да се навратиш на запишаното ако стане тешко да се фокусираш.

За точно да се дефинира целта на проектот, треба да се разбере и мапира процесот на донесување одлуки во кои сакаш да интервенираат младите. Полесно ќе биде да се формира проект еУчество ако точно се знае каде се одлучува во процесот. Тоа обично не е во твоја контрола, но пробај да се вмешаш колку што е можно порано!

**Пример за процесот на донесување одлуки**

**Процедура за консултација во Данска општина – опции каде да се интервенира во процесот на еУчество**

1. Администрацијата подготвува случај за иден станбен проект за млади луѓе.
2. Можност за Граѓанско учество или дијалог со актионери и експерти – **интервенирај!**
3. Администрацијата подготвува препораки за градскиот совет.
4. Градскиот совет поминува низ случајот за прв пат и одлучува за реализација на консултациската процедура.
5. Консултациска процедура – **интервенирај!**
6. Администрацијата подготвува препораки за градскиот совет. Одговорите од консултациите се вклучени во препораките.
7. Градскиот совет го разгледува случајот повторно и конечно одлучува за станбените прашања на младите во општината.

### Постави реалистични цели за твојот проект

Треба да се запрашаш: Што сакаш проектот да постигне? На крај, се работи за крајниот резултат. Колку појасно и пореалистично ги дефинираш овие цели, полесно ќе ти биде успешно да ги поставиш потребните чекори на проектот и да го постигнеш саканиот краен резултат.

Овие прашања ќе ти помогнат во дефинирање на јасни и конкретни цели:




Запомни дека влијанието може да биде многу нешта – и не секогаш може лесно да се измери! Немој да мислиш дека учесниците имаат влијание само ако им е дадено моќ да донесуваат одлуки. Многу почесто, влијанието значи придонесување во вид на давање идеи, препораки и мислења кои оние со моќ на донесување одлуки ќе ги земат во предвид. Потешкиот дел во еден ваков проект е да се осигуриш дека резултатите се темелно земени во предвид . Не грижи се – неколку од наредните OPIN совети и трикови ќе ја допрат оваа важна тема!

## Бидете конкретни во вашата улога

Неутралноста и непристрасноста се неопходни за да се спроведе методолошки партиципарен процес. Како фасилитатор на процесот на младинско еУчество треба да се однесувате како „чесен брокер“ и да не барате посебен резултат. „Чесен брокер“ е непристрасен медијатор.

Како „чесен брокер“ , треба да бидеш непристрасен во очите и на младите и на оние кои ги носат одлуките. Ако младите те гледаат како сојузник на носачите на одлуки или обратно нема да можеш да ја имаш улогата на „чесен брокер“, и треба да прашаш некој друг да го води процесот. Да се биде „чесен брокер“ и адвокат на младинското учество во донесување на политички одлуки сепак, може да оди рака под рака. Се разбира, се додека подеднакво ги слушате и ги вклучувате погледите од сите страни.

## Учи од други искуства со младински еУчества

Во процесот на конкретизирање и давање рамка на твојата идеја за проект, многу корисно може да биде учењето од слични проекти. Можеби твојата соседна општина или друга организација како твојата веќе завршила некој проект. Поврзи се со нив и побарај да го споделат нивното искуство со тебе. Оваа размена на искуства може да го насочи твоето внимание кон проблеми кои се локално специфични а не се покриени во OPIN упатствата.[2]

Во оваа етапа треба да се одлучиш дали сам ќе го реализираш проектот, или ќе ти требаат консултации од (надворешни) професионални практичари да го завршиш проектот, или барем некои делови од него. Во некои случаи ова не е ни твоја одлука, но ако е, еве некои корисни прашања:

2 Можеш да се вклучиш и во разговори во групата на Facebook “eParticipation”.



| Прашања | Посакувани одговори |
| --- | --- |
| Дали си мотивиран и возбуден за планирање на твојот проект за младинско еУчество? | ДА |
| Дали искрено веруваш во важноста на вклучување на млади луѓе во процесот на донесување одлуки? | ДА |
| Дали имаш корист од одлуките кои треба да се донесат? | НЕ |
| Дали имаш доволен број работни часови кои ти (и твојот тим) можеш да ги посветиш на планирање на проектот?[3] | ДА |
| Дали во твојот тим ги имате сите потребни вештини да го испланирате и менаџирате проектот од почеток до крај?[4] | ДА |
| Дали имате буџет за ангажирање професионални практиканти? | *Ако твоите одговори не се исти со наведените погоре или барем блиску со нив, ќе ти треба буџет за најмување помош.* |

Ако ти – или твојот претпоставен – одлучите дека ви треба помош, партнерите од EUth со задоволство ќе ти помогнат![5] Имаме огромна мрежа со практиканти во учество низ Европа и пошироко кои можат да те поврзат со консултанти во твојата земја.

## Означи ги твоите млади учесници

Во оваа фаза од проектот треба да размислиш за тоа кој точно ќе бидат твои учесници. За да ја донесеш оваа одлука треба следново да го имаш на ум:

**КОЈ ИМА – ДИРЕКТНО ИЛИ ИНДИРЕКТНО – УЧЕСТВО ВО ОДЛУКИТЕ КОИ ЌЕ СЕ ДОНЕСАТ?**
**КОЈ ЌЕ БИДЕ – ДИРЕКТНО ИЛИ ИНДИРЕКТНО – ПОГОДЕН ОД ДОНЕСЕНИТЕ ОДЛУКИ?**

Друго важно прашање кое треба да се разгледа е дали групата од млади учесници ќе бидат претставници на сите млади луѓе во, даречеме, твојата општина. Имајќи репрезентативно балансирана група од млади луѓе кои ќе учествуваат во твојот проект ќе ги направи резултатите политички легитимни. Во повеќето случаи, тие кои ги носат одлуките повеќе ќе ги вреднуваат резултатите ако се во можност да кажат дека тие ги претставуваат и гласовите на младите луѓе во нивната општина. Репрезентативноста е многу важен дел од демократијата. Како и да е, целејќи кон репрезентативност си има и свои барања во процесот на регрутирање. Повеќе за ова подоцна![6]

Понатаму, сакаш да ги *почитуваш младите во тоа што заедно го работите.* Затоа, треба да имаш јасна слика кои ќе бидат учесниците. Колку подобро ги познаваш твоите учесници, толку полесно ќе ти биде да подготвиш и имплементираш проект кој реално им одговара и на нив. Можеби звучи многу директно, но искуствата покажуваат дека иницијаторите на проекти со младински учества понекогаш заборавааат дека младите луѓе не се хомогена група. Не, има многу различни млади луѓе, и затоа потребни се разни пристапи за да им се задржи вниманието. Едноставно кажано, 15 годишниците имаат различни интереси од младите во доцните дваесети. Да заклучиме, потребни се различни пристапи за да успееш во твојата иницијатива!

3 Да можеш да одговориш на ова прашање, би било корисно да погледнеш во *Фондови за твојот проект.*
4 Провери *Поставување одличен проект тим* и научи за потребните вештини за планирање и менаџирање на проект за младинско еУчество.
5 https://opin.me/en/help/service-and-consulting1/
6 Погледни го насловот *Регрутирање на млади учесници*

## Означи ги твоите поддржувачи со моќ да одлучуваат

Наредното прашање кои треба да си го поставиш е: Чија поддршка ти е потребна за твојот проект да биде валиден и да ги постигнеш неговите цели?

Листата на можни извори за идеи за проект е секако бесконечна. Меѓутоа, едно прашање ги дели проектните идеи на две групи а тоа е дали имаш поддржувачи со моќ на одлуки на твоја страна. Ако работиш во јавна администрација, да речеме во општина, проектот можеби е инициран од градскиот совет а ти треба да го реализираш. Тогаш одговорот е лесен. Како и да е, дури и кога ги имаш поддржувачите кои можат да носат одлуки од почетокот на проектот, многу е важно да знаеш кои се вистинските поддржувачи. Многу е веројатно дека НЕ сите од градскиот совет гласале во полза на реализирање на проектот. Да речеме само, треба да знаеш кои ти се пријатели а кои непријатели. Тогаш ќе знаеш на која поддршка можеш да сметаш, а кого треба да придобиеш.

За проектни идеи кои сеуште немаат подгшка од оние со моќ на одлучување, еве неколку совети како да ја промените таа ситуација. Кога ќе знаеш веќе чија поддршка ти е потребна, треба да се сретнеш со нив, да им ја презентираш твојата идеја и да ги убедиш во полза на твојот проект. Ако имаш потешкотии да добиеш информации за потенцијалните кредитори и поддржувачи, тогаш искористи ја твојата мрежа. Можеби некој кој го познаваш знае некој којшто работи во канцеларијата на градоначалникот. Побарај од него да ти помогне да закажеш состанок со градоначалникот. Друг начин да им го привлечеш вниманието е да напишеш мал оглас во локалниот весник или земи учество во некој политички настан каде ќе можеш да се претставиш и на кратко да ја презентираш твојата идеја.

### Подготовка за поддржувачи со моќ на одлуки:
### Како да ги придобиеш

*Нагласување на потенцијални придобивки од процесот со еУчество*

- Учеството и искуството во процес на одлуки ќе ги поткрене младите да бидат поактивни во граѓанските општество. Ова искуство многу веројатно ќе ги поттикне да бидат политички поактивни.
- Ќе можете да се сретнете и запознаете со младите идни гласачи.
- Ако ги земете во обзир мислењата на младите, крајниот резултат ќе биде поширок, легитимен и прифатен.
- Вклучувајќи ги младите во еден отворен и транспарентен процес на донесување одлуки ќе се зголеми нивната доверба во твојата организација.
- Заедничките активности можеби ќе го привлечат вниманието на медиумите. Нема ништо подобро од позитивен прес!

**И обиди се да дадеш колку што е можно повеќе конкретни примери!** Можеш на пример да презентираш успешни стории од организации слични со твојата за да ги прикажеш придобивките од успешен процес со еУчество. Привлечи ги со чувството „ И јас го сакам тоа“.



Невозможно е да ги придобиеш луѓето што одлучуваат да го поджат твојот проект, тогаш истражи зошто е тоа така. Три главни компоненти зошто е тоа така се следниве:

**МИСЛЕЊЕ 1:**

Не владее позитивна волја да им дозволат на младите луѓе да влијаат на одлуките. Тогаш треба да се бориш! Ако немаш директни врски на ниво на одлучување тогаш пробај да склучиш договор со влијателните заинтересирани страни кои ќе можат да влијаат на одлуките.

**МИСЛЕЊЕ 2:**

Владее позитивна волја, но не им се допаѓа твојата идеја. Тогаш преформулирај ја и цели кон нешто повозможно. Треба и да го реанализираш процесот на одлуки. Можеби нешто погрешно имаш разберено и интервенираш на погрешен начин.

**МИСЛЕЊЕ 3:**

Откажи се. Понекогаш едноставно е погрешно време и место. Наместо тоа насочи ја твојата енергија барајќи нова можност за еУчество.

Кога ќе ја имаш поддршката на луѓето со моќ на одлучување, направи договор со нив. Договорот може да биде еден параграф кој ќе биде вклучен во јавната верзија на опис от за проектот. Овој параграф треба да содржи колку што е можно повеќе детали како конкретно кредиторите ќе го искористат резултатот од проектот. Договорот е начин да се осигураш дека тие нема да се повлечат од нивното ветување да им дозволат на младите да влијаат на процесот во донесувањето одлуки.

## Обезбеди пари за твојот проект

Без пари, нема проект! Дури и твојата организација да ја водат волонтери, скоро невозможно е да се спроведе проект без трошоци.

Обезбедување фонд е специфичен предизвик. Еден корисен начин да почнеш е да исконтактираш со Националниот Младински (Информациски) Совет. Тие имаат стручни совети за овие прашања, и никој нема подобро да ја знае мрежата за младински учества во твојата земја.[7] Друг начин да обезбедиш средства е да подготвиш апликација за фондација или програма за финансирање на младински проекти. На пример, погледнете ги програмите на Еразмус+[8] и на Европската Младинска Фондација[9] да видиш дали твојот проект соодветствува со некои нивни програми. И последно, ако јавната администрација специјално го побарала твојот проект или го одобрила, можеш да им побараш пари од буџетот да ги покријат трошоците за проектот.



7 можеш да го лоцираш Националниот Младински (Информациски) Совет пребарувајќи ја листата на членови од Европскиот Младински Форум http://www.youthforum.org/about/member-organisations) или ERYICA http://eryica.org/page/member-organisations)
8 http://ec.europa.eu/programmes/erasmus-plus/
9 http://www.coe.int/en/web/european-youth-foundation

Кога ќе обезбедиш пари за твојот проект, треба да направиш буџет – или да ја прилагодиш верзијата која можеби ја имаш ако си аплицирал за фонд преку некоја програма. Овде софтверот Excel ти е најдобар пријател. Бројот на наслови за буџет и детали за кои аплицираш зависат од твојот извор за фондирање. Треба секогаш да ги почитуваш правилата на изворот за фондирање! Како и да е, колку да знаеш, некои наслови за буџет се обично трошоци за плата и трошоци за стока. Кога ќе имаш јасна идеја колкав е буџетот, ќе ти биде полесно да го скицираш процесот на еУчество. На пример, кога ќе знаеш колкав е буџетот за стоки тоа ќе ти биде водечки старт при одлучување за бројот и скалата за активности очи – во – очи со учесниците. Истото важи за буџетот на платите. Овој буџет ќе ти помогне да го пресметаш бројот на работни часови распределени во планирање и имплементирање на различни проектни активности.

Имај на ум дека буџетот не е постојан документ. Треба да го прилагодуваш секогаш кога ќе се јават промени во твојот проектен план. Со други зборови, треба секогаш да биде во тек со настаните.

## Објасни ги процесите на твојот проект од А до Ш

Досега веќе би требало да имаш јасна идеја за целта на твојот проект, исходот што сакаш да го постигнеш со него и пристапниот буџет. Ова значи дека си подготвен да направиш приближно скицирање на процесот од А до Ш кој секако треба да го прилагодиш на процесот на одлуки.

Краток опис на проектот од 2 – 3 страни е добар почеток. Во овој опис можеш да го вклучиш следново:

- ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОТЕКЛОТО НА ПРОЕКТОТ
- ИДЕЈАТА НА ПРОЕКТОТ И НЕГОВИТЕ ЦЕЛИ
- МЕТОДАТА
- БУЏЕТОТ
- ВРЕМЕНСКАТА РАМКА



Во временската рамка треба да ги наброиш активностите кои треба да ги спроведеш до крајот – очи-во-очи, како и онлајн активностите – и кога ќе се случат. Во оваа фаза, веќе ќе ти биде корисно да се консултираш со OPIN алатка за подршка на одлуки[10], за да добиеш идеја за онлајн процесни шеми и карактеристики кои ги нуди OPIN. За инспиративни – очи-во-очи – методи ти препорачуваме да се консултираш со Каталогот за Акција Вклучување2020, кој е интерактивен методски каталог за јавно учество.[11] Во **Подготвителната фаза** ќе обезбедиме повеќе совети и трикови за формирање соодветни процеси за учество, па не е потребно да ги објаснуваш методите во оваа фаза.

Кога ќе го разложуваш процесот, внимавај на буџетот! Нема поента во планирање процес кој е временски долготраен и скап ако твојот буџет е многу ограничен. Времето е пари. Затоа многу е корисно ако го разложиш буџетот и ги распределиш средствата за разните активности. Тогаш ќе знаеш колку работни часови можеш да потрошиш во планирање, да речеме на, стартување на проектот. Таков детален преглед ќе ги намали ризиците од пречекорување на буџетот.

Ова е само твојот почетен нацрт на проектот. Сеуште треба да бидеш подготвен да го изменуваш (и запомни да го обновуваш соодветно!) бидејќи сега е време да се сретнеш со учесниците и подржувачите со луѓето кои имаат моќ да одлучуваат и да ги прашаш за повратни информации од првичниот нацрт на проектот.

10 За да добиеш пристап до **Алатката за Подршка при Одлуки** треба да ја регистрираш твојата организација во OPIN. За да ги разгледаш многуте карактеристики и да добиеш информации за како да се зачлениш види овде: https://opin.me/en/start-your-project/
11 **Каталогот за Акцискиот План Вклучување2020** е достапно овде: www.actioncatalogue.eu



## Вклучи ги младите во твојата проектна идеја

Кога ќе бидеш готов со првичниот нацрт за твојот проект, можеш да закажеш состанок со претставниците од групата на млади луѓе кои предходно си ги одбрал. Пожелно е да ја тестираш твојата идеја на нив, да ја преиспитаат и да дадат свои мислења. Ова е начин да се осигураш дека твојата идеја соодветствува со нивните барања и дека ќе се вклучат во проектот кога тој ќе се реализира.

Има повеќе можни придобивки од ваквиот состанок:

Ќе ги запознаеш младите подобро = ќе ти биде полесно да ги означиш активностите кои ги интересираат нив.

Добиваш можност за регрутирање млади претставници кои ќе имаат улога на **амбасадори** во корист на твојот проект = ќе ти помогнат да пристапиш кон повеќе млади учесници.

Им даваш чувство на одговорност и почит од почетокот на проектот = ова ќе ја зголеми нивната посветеност кон твојот проект.

Многу е корисно да се среќаваш со младите претставници постојано за време на проектот, секогаш кога ќе ти треба знаење и информации од прва рака. Еден начин да го формализираш ова е да формираш Управен Одбор. Има неколку начини да избереш млади претставници. Можеш на пример, да објавиш јавен оглас, па заинтересираните младинци можат да аплицираат да станат членови, или да се здружиш со локалните студентски совети. За повеќе идеи за ова погледни во **Фаза на Подготовка!**

## Повикајте ги кредиторите со моќ на одлучување да се приклучат



Исто така треба да ја тестираш твојата идеја и кај подржувачите со моќ на одлуки, и дозволете им и тие да ви дадат повратна информација. Во овој стадиум, можеби сеуште треба да ја здобиеш нивната подршка за проектот. Поканувајќи ги потенцијалните подржувачи да го креираат проектот со тебе и младите луѓе од почетокот, ќе ги зголеми шансите за постигнување на твоите цели. Ќе им дадеш чувство да присвојност ако се чувствуваат вклучени и слушнати – а ова може потенцијално да има голем удел на крајот. Треба да чувствуваат дека проектот е исто толку нивен како што е и твој. Подршката од луѓето со моќ на одлуки е таа која може да ти гарантира дека ќе има влијание кај младите луѓе.

Кога еднаш ќе ги вклучите подржувачите потруди се да останат со тебе. Ова значи постојано да ги вклучуваш во текот на настаните. Твоите подржувачи ќе имаат значајни информации за идни политички одлуки кои ќе се донесат или други значајни настани, па ќе можеш да се координираш. Ако одлучиш подржувачите да бидат дел од Управниот Одбор важно е да бидат презентирани различни мислења, за да биде проектот балансиран колку е можно повеќе. Ако на пример работиш со политичари, треба да поканиш претставници и од левицата и од десницата. Ако работиш со повеќе заинтересирани странки, тогаш освен претставници на Невладини Организации треба да влкучиш и други видови на организации.

### Обновувај го нацртот на твојот проект

Веќе сега би требало да имаш собрано важни информации и податоци од младите луѓе и луѓето кои ги носат одлуките и истите да го земеш во обзир. Кога ќе го модифицираш и пошироко разработиш твојот проект, треба да им испратиш копии и на младите претставници и на оние кои одлучуваат. Или уште подобро, повторно закажете им состанок. Има две главни причини за ова: прво, со тоа покажуваш транспарентност во процесот, и второ, и двете групи ќе можат да видат дека си го слушал нивното мислење. Ова уште еднаш ќе го зајакне чувството на припадност кон проектот што најверојатно на крај ќе се исплати. Така да, продолжи да ги вклучуваш и да се консултираш со нив низ сите фази од проектот!

### Вклучувај евалуација(оценување) во секоја фаза од проектот

Многу често евалуацијата се прави на крајот од проектот. Меѓутоа, може да биде многу вредно да направиш евалуација после секоја фаза од проектот и да го прилагодуваш првичниот план ако е потребно, посебно ако проектот трае подолг период.

Главните прашања за тебе и твојот тим се: Кои се јаките страни? Што можело да се направи поинаку? Запишувај што си научил и имај го ова на ум кога ќе го оценувате целокупниот проект на крајот. Овие искуства се важни белешки. Учи од твоите успеси и грешки и искористи ги за нареден сличен проект, и сподели го со други кои сакаат да направат проект за еУчество.

Секако, треба да вклучиш и евалуација од младите учесници после сите активности. Погледни во Фаза на **Учество за повеќе** информации!





## ФАЗА НА ПОДГОТОВКА: ПРИПРЕМАЈ ГО ТВОЈОТ ПРОЕКТ

**Оваа фаза е првиот чекор во остварувањето на проектот којшто си го грубо дизајнирал/а во фазата на идеи. Фазата на подготовка е најчесто онаа којашто најмногу одзима време, па осигурај се дека ќе и доделиш доволно време, за се да ти биде приготвено за фазата на учество.**



Кратко кажано, во фазата на идеи се се врти околу оформувањето на твојот проект во привлечен за младите и придобивањето на поддржката од донесувачите на одлуки. Сега е време да ја конкретизираш твојата идеја за проектот и да ја поставиш во детали, така да можеш да ги постигнеш твоите цели.

### Формирај одличен тим за проектот

Клучот за одличен проект на еУчество е професионален и посветен тим. Лидерот на тимот на проектот е проект – менаџерот којшто треба да ја гледа поголемата слика, да ги координира сите задачи на проектот и да се осигура дека секој член да тимот се држи до роковите и буџетот. Поседувањето на способноста да држиш повеќе топки во воздухот е затоа клучно за да бидеш силен проект - менаџер.

**Меѓутоа, не се само важни добрите вештини на проектниот менаџмент:**

- **Силен проектен менаџмент и организациони вештини**
- **Добри вештини за меѓучовечки односи**
- **Силни комуникациски вештини**
- **Одлични вештини за олеснување**
- **Информатички познавања**
- **Познавања околу дизајнирање на проекти за учество**
- **Познавања околу процеси на донесување на одлуки**
- **Пристап ориентиран кон наоѓање решенија**
- **Креативен ум**

Во некои случаи, еден човек може да ги поседува сите компетенции наведени погоре. Сепак е строго препорачано да се има барем слушател. Личност којашто ќе игра улога на слушател може да го заврти твоето внимание кон нешта коишто си ги пропуштил, да ти даде нови идеи за преминување на препреки и тн. Во секој случај, барем во активности на кои мора лично да се присуствува, ќе ти треба асистенцијата на твоите соработници затоашто не можеш да бидеш на повеќе места истовремено. Сè на сè, најважното не е бројот на членови на тимот туку дали во тимот се присутни потребните компетенции. Ако тимот ти се состои од повеќе од една личност, важно е да се состанувате редовно, така да секој е во тек со најактуелните развивања на проектот.

Ако буџетот ти е ограничен и ти треба додатна помош можеш да регрутираш волонтери. Да се биде дел од организаторниот тим е добар начин, особено за млади луѓе, да запознаат нови луѓе, да се заинтересираат за политика и да развијат нови вештини коишто потоа можат да ги додадат на своето CV. Но имај во предвид дека волонтерската помош не е секогаш толку сигурна како и платената.

## Размисли за форматот на твоите резултати




Пред да го дизајнираш твојот процес за учество и да ги избереш твоите методи, многу е важно да имаш јасна идеја околу тоа од кој формат треба да го имаат твоите резултати. Овде е многу важно да ги слушаш желбите на оние кои ги донесуваат одлуките. Ако изразиле желба за првите 10 препораки од млади луѓе, а ти им доставиш каталог со повеќе од стотици идеи, веројатноста воопшто да ги земат резултатите во предвид е многу мала.

Меѓутоа, можно е прелиминарниот резултат да е каталог со идеи кој потоа ќе биде претворен во препораки во наредните чекори на проектот. Ова е исто така нешто за коешто треба да размислиш додека го дизајнираш твојот проект: Кој вид на резултат треба да оди напред во наредните активности на проектот?

Размисли и за износот на податоци коишто секој чекор од процесот на учество потенцијално може да ги генерира. Последното нешто коешто сакаш да го правиш е да го потрошиш целото твое време собирајќи и анализирајќи податоци. Затоа размисли за некое решение како да ги собираш податоците на што е можно најорганизиран и корисен начпн.

## Поставувај ги вистинските прашања во вистинското место и време

За да добиеш корисни одговори, мора да ги поставуваш корисни прашања – а ова се однесува на поставувањето на прашањата на вистински начин. Оваа задача обично трае повеќе време од што очекуваш поради тоа што формулирањето на корисни прашања може да биде многу тешко. Од една страна, прашањата треба да бидат јасни и интересни за млади луѓе, а од другата треба да се во можност да носат резултати. Нашиот најдобар совет е да се започне со смислување на прашањата што е можно порано и да не се чека до последниот момент. Испробај ги прашањата во твојот тим и најдобро кај млади луѓе и луѓето кои ги донесуваат одлуките и искористи го потоа нивниот фидбек за да ги промениш. Оваа вежба најверојатно ќе биде задача која се повторува, но на крајот твоето време ќе биде паметно потрошено.

Општо гледано постојат два вида на прашања: отворени и затворени. Кој вид на прашање треба да го поставуваш го одлучува исходот кој сакаш да го добиеш. Отворените прашања те обезбедуваат со квалитативно знаење, додека затворените прашања обично произведуваат да и не одговори. Двата вида на прашања имаат предности и недостатоци. На пример, отворените прашања можат да генерираат огромен број на податоци, додека затворените прашања можеби нема да ги прикажат нијансите позади одговорите.

**Примери за отворени и затворени прашања**

| ОТВОРЕНИ: | ЗАТВОРЕНИ: |
| --- | --- |
| Што мислиш за предлогот да се изгради нова младинска куќа во твојот град? | Дали платформата на OPIN е едноставна за употреба? Да/не |
| Како ти би го потрошил/а буџетот? | Дали би се зачленил/а во спортскиот клуб? Да/не |
| Кои младински активности му недостасуваат според тебе на нашиот град? | Дали имаш кориснички профил на Instagram? Да/не |

Додатно на ова, треба да размислиш за тоа дали одредено прашање треба да им се презентира на младите лично или преку интернет. На пример, размисли два пати дали ќе дебатираш за чувствителни теми на интернет. Имај во предвид дека мислењата на одредени теми кои се изјавуваат на интернет живеат подолго од оние кои се изјавуваат лично. Целосно отстранување на нешто што е напишано на интернет се докажува како невозможно. Така да, кога го планираш твојот проект, треба да размислиш дали твојата тема на дебатирање е навистина соодветна за платформата на OPIN, или би било подобро да дискутираш за аспектите на истата на настан на кој што ќе присуствуваш лично. Колку е почувствителна темата, толку посилно може да биде изразувањето на мислењата.



## Избери ги вистинските методи за да ги постигнеш твоите цели

Постојат безброј методи на учество. Тешката задача е да пронајдеш точно кој метод би бил соодветен за целите кои што си ги имаш замислено. Ова може да биде сложено, но помошната алатка на OPIN за донесување одлуки ќе ти помогне. Помошната алатка на OPIN за донесување одлуки[12] е дизајнирана како прашалник во кој што даваш одговори на низа на прашања. Кога ќе го завршиш прашалникот, помошната алатка ќе те обезбеди со онлајн процес на учество којшто ги исполнува потребите на твојот проект. Сепак, базирано на нашето искуство, строго советуваме комбинација од онлајн и лични компоненти (очи-во-очи). Се разбира дека е возможно да се постави само онлајн процес, но значително ја покачуваш веројатноста да извршиш успешен проект на еУчество ако личните и онлајн карактеристики одат рака под рака.

Подолу изработивме два примери за процеси на младинско еУчество. Првиот процес е поефтин и одзема помалку време во споредба со вториот. Овде е важно да се нагласи дека долг процес на учество со многу чекори и компоненти не треба да биде најважното нешто. Повеќе компоненти можат да го зголемат квалитетот на процесот, но исто така сето тоа може да биде и голем неред.

Во првиот од двата примери за процеси, проектот за младинско еУчество е започнат со големо отворање со лично присуство, на коешто се поканети млади луѓе, луѓе кои донесуваат одлуки, новинари и други заинтересирани партии. Процесот потоа започнува онлајн, каде што младите се замолуваат да предложат идеи и потоа да гласаат за они кои ги преферираат. Исходот на процесот е каталог со оценети идеи кој е на крај презентиран на луѓето кои ги донесуваат одлуките на прес конференција.

**ОТВАРАЊЕ СО НАСТАН И ЛИЧНО ПРИСУСТВО** → **OPIN ПЛАТФОРМА: ПРЕДИЗВИК НА ИДЕИ** → **ЛИЧНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ**

Вториот процес е следбеник на првиот, меѓутоа додадени му се уште два чекора: лична работилница (очи-во-очи), каде што младите ги ревидираат, дискутираат и образложуваат 10те најдобри идеи собрани на платформата на OPIN (види пример за програма на работилница подолу) и OPIN Анкета каде што секој може да гласа за објаснетата идеја која ја преферира. Резултатот којшто е подоцна презентиран на прес конференцијата е поопширен каталог со најпопуларните идеи.

**ОТВАРАЊЕ СО НАСТАН И ЛИЧНО ПРИСУСТВО** → **OPIN ПЛАТФОРМА: ПРЕДИЗВИК НА ИДЕИ** → **РАБОТИЛНИЦА СО КАРАКТЕРИСТИКИ ОД OPIN** → **ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ЛИЧНО** → **OPIN ПЛАТФОРМА: АНКЕТА**

За инспирација за методи со лично присуство (очи-во-очи) уште еднаш ќе навестиме да го погледнеш Engage2020 Action Catalogue.[13] Исто како и во помошната алатка за донесување одлуки на OPIN, ќе пронајдеш прашалник, и каталогот потоа ќе ти предложи неколку методи соодветни за намената на твојот проект.

12 За да добиеш пристап до помошната алатка за донесување на одлуки треба да ја регистрираш твојата организација на OPIN. Можеш да ги испробаш различните OPIN карактеристики и да добиеш повеќе информации за процесот на регистрација овде: https://opin.me/en/start-your-project/

13 www.actioncatalogue.eu

Пример за програма: Работилница со лично присуство и карактеристики на OPIN

| "YOUTH DECIDE": 100.000 ЕВРА ЗА МЛАДИНСКИ АКТИВНОСТИ ВО НАШАТА ОПШТИНА – КАКО ТРЕБА ДА ГИ ПОТРОШИМЕ? | |
|---|---|
| САБОТА 25ТИ НОЕМВРИ 2017 | |
| ВРЕМЕ | ТОЧКА НА АГЕНДАТА |
| 09:30 | РЕГИСТРИРАЊЕ И ДОРУЧЕК |
| 10:00 | ПРИЕМ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ДЕНОТ |
| 10:30 | ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ИДЕИ ОД КОЛЕКЦИЈАТА НА ИДЕИ НА OPIN |
| 11:15 | ПРВ КРУГ НА ГРУПНА РАБОТА<br>Разгледување на случаи и прегледување и ажурирање на идеи користејќи OPIN преглед на текст |
| 12:45 | РУЧЕК |
| 13:30 | ВТОР КРУГ НА ГРУПНА РАБОТА<br>Разгледување на случаи и прегледување и ажурирање на идеи користејќи OPIN преглед на текст |
| 15:00 | ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ГРУПНАТА РАБОТА |
| 16:00 | ЕВАЛУАЦИЈА И ШТО Е СЛЕДНО ВО ПРОЕКТОТ?<br>Потсети ги младите да гласаат за нивните омилени идеи на платформата на OPIN користејќи OPIN анкети |
| 16:30 - ? | ПРИЕМ И ЗАБАВА |

## Компонирај комуникациска стратегија за јавна видливост

Намената на комуникациската стратегија е да се подигне свеста за твојот проект. Ова е посакувано од две причини:

1. Да го придобиеш вниманието на млади луѓе за тие да учествуваат во твојот проект
2. за да постигнеш влијание со твојот проект

Комуницирањето околу твојот проект ќе ја зголеми неговата видливост со што надежно ќе се зацврсти посветеноста како на младите учесници така и на луѓето кои ги донесуваат одлуките.

Треба да спремаш стратегија која ќе ја има на нишан секоја од твоите целни групи. Компонирањето стратегија може да биде сложено, но немора да биде. Веќе ги имаш обележано твоите главни целни групи – младите луѓе и оние кои ги донесуваат одлуките – така да сега преостанува уште да одлучиш кои главни пораки сакаш да им ги испратиш и како да ги испратиш овие пораки. Креативноста не познава граници во врска со тоа каков може да биде начинот. На пример може да бидат промоциони налепници за лаптопи или приврзоци за клучеви, настани во локални училишта, видеа на YouTube со млади проектни амбасадори кои ќе го застапуваат проектот, проектни флаери, интервју во локален весник, соопштение за медиумите, итн. На крај, како ќе ја испратите пораката зависи од посакуваната цел на истата и ресурсите кои стојат на располагање.



Покрај младите луѓе и донесувачите на одлуките, може да биде корисно да комуницираш за твојот проект и со поширока публика. Овој труд ќе ја зголеми свеста за твојот проект, и потенцијално ќе придобиеш важни акционери, кои дури можат да ти помогнат да ја испратиш твојата порака. Додека сме кај акционерите, треба да почнеш со идентификување на луѓето и организациите кои исто така имаат удел во одлуките кои треба да се донесат или општо во младинското еУчество. Правејќи го ова треба да размислуваш обемно – како во врска со различните типови на акционери (од големи компании па до мали групи со интерес) така и на целиот спектар на интерес.

Наредниот чекор е да спремиш насочен комуникациски труд. Ова вклучува правење на краток преглед на различните средства на комуникација кои што ќе ги користиш за да комуницираш со твоите различни целни групи. Погледни упатствен пример подолу којшто секако може да биде и поопширно објаснет:

| Целни групи \ Средства на комуникација | Facebook | YouTube | Instagram | Интернет страна | Соопштение | Локален весник | Работилници | OPIN платформа | Проектен флаер | Производи | Настан, отварање на проектот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Млади луѓе | X | X | X | | | | X | X | X | X | X |
| Донесувачи на одлуки | X | X | | X | X | X | X | X | | | X |
| Новинарство | X | X | | X | X | X | | | X | | X |
| Јавноста | X | X | X | | | X | | | | | X |

Важно е да ја сметаш комуникацијата за континуирана задача во текот на сите фази од твојот проект. Континуирано ги известувај младите, донесувачите на одлуките и акционерите околу случувањата за да го задржиш нивното внимание. За да си ја олесниш оваа работа, ние препорачуваме спремање на детален план во кој секоја комуникациска активност е опишана и терминирана. Земи го времепловот на твоите проектни активности како почетна точка. Првата порака која што можеш да ја испратиш на пошироката публика е дека, да речеме, општината е во процесот на организирање на младински проект за еУчество – ова е приказна за себе. Многу е важно да започнеш што е можно порано со комуникацијата околу проектот, за да е веќе препознатлив уште пред процесот на учество да започне. А кога веќе зборуваме за почетокот, организирај големо отварање на проектот коешто ќе ги убеди сите да учествуваат!

Ако организацијата на твојот проект сѐ уште не е застапена на социјалните мрежи (СоМр) , можеш да креираш сметка на еден или неколку од каналите. Се разбира дека треба да ги избереш каналите на коишто веќе младите луѓе се застапени, така што ќе ги гледаат твоите постови и твитови, и можеби дури и ќе ги споделат со својата мрежа. Ако имаш назначено водечки одбор од млади репрезентативци, прашај ги кои канали на СоМр се најчесто посетувани бидејќи ова многу зависи од државата и возрасната група. Дополнително, може да биде корисно да креираш хаштаг (#) за твојот проект на учество, за да го олесни онлајн дијалогот околу твојот проект, не само на платформата на OPIN, туку исто така и на различни канали на СоМр.

И едно последно нешто: Кога ги дизајнираш твоите комуникациски производи, биди сигурен дека ќе избегнуваш нарушувања на авторски права! Сѐ од фотографии, гласовни снимки до литературни изработки може да биде заштитено со авторски права.

Погледни ја Creative Commons за повеќе информации на оваа тема.[14]

14 https://creativecommons.org/

Што е корисно да се знае за младите и нивните комуникациски навики?

Од каде добиваат тие вести?

Кои СоМр канали тие користат?

Кога се вклучени?

Кој вид на уреди тие најчесто користат? (пр. паметен телефон, таблет, и лаптоп)

Како да дојдеш до одговорите? Почни со тоа да ги прашуваш младите претставници!

## Овозможи им на младите избалансирани и лесно достапни информации

Треба да размислиш кога и кој вид на информации младите учесници би требало да ги добијат пред тие да учествуваат во проектот и одлучувањето. Одговорите многу зависат од целта на твојот проект. Во некој случај, краток флаер кој ќе ја постави сцената ќе заврши работа; во друг случај, потребни се и подетални информации. Да дадеме пример: Еден проект бара од младите луѓе да дадат придонес на политичка стратегија за вдомување за млади што градскиот совет ја проектира. За да дадат суштински и добро размислени одговори, младите треба да добијат добро избалансирани информации за да ги разберат проблемите веќе дебатирани помеѓу локалните политичари. Но што точно се мисли со „избалансирани„? Се мисли дека треба да бидат претставени спротиставени погледи во врска со темата. Материјалот треба да ги опишува и двете страни „за„ и „против„ од различни опции согласно со други акционери. Ова е принципот на обезбедување на стручно мислење и против-мислење на дискутираните проблеми. Важно е да има согласување на несогласувањата кои се презентирани во информациониот материјал. За да го осигураш тоа, може да биде корисно да поставиш независен советнички одбор. Ова е особено важно доколку темата која се дебатира е политички осетлива. На пример, тоа значи ако поканиш политичар од левицата треба да поканиш и политичар од десницата исто така.

Во основа, материјалот за информации би требало да ги довете младите луѓе поблизу до основната почетна точка за одлучување. Значи материјалот треба да биде поеднакво разбирлив за сите млади луѓе. Затоа, добро избирај го форматот на информациониот материјал и пушти младите претставници да го прегледаат пред да го поделиш! Информацијата немора да биде во текст. Може да биде и пренесено во краток филм или аудио пренос. Ако користиш текст, дополни го со графики кои ќе ги визуализираат главните аргументи за коишто младите треба да знаат. Доколку младите учесници добијат информацион материјал пред давањето мислења, тогаш ќе имаат шанса да направат истражување и да се појават на состанокот или да се логираат на OPIN добро подготвени.

## Регрутирај ги младите учесници

Без учесници, нема постои проект на учество. Регрутирањето е често една од задачите кои одземаат најмногу време во проект на учество – и нема индиции дека регрутирање за онлајн активности на учество одзема помалку време од регрутирање за офлајн активности. Дизајнирањето на извонреден проект не е секогаш потполно доволно.

Првото нешто кое што треба да го направиш е да спремиш стратегија за регрутирање. Веќе си ги идентифицирал младите луѓе коишто сакаш да ги поканиш да учествуваат во проектот. Во квадратот подолу вклучивме избор на методи кои се често користени во процеси на учество. Погледни ги и избери ги оние кои се соодветни за твојот проект и твојата држава.



## Предлози како за онлајн така и за офлајн методи на регрутирање

### РЕГРУТИРАЈ ЛИЧНО

Иако делови од твојот проект се случуваат на интернет, искуството укажува дека најдобар начин да регрутираш млади и да им ја подигнеш свеста и да ги заинтересираш за проект е лично. Еден начин да го направиш ова е да ги сретнеш и да го презентираш проектот на младите на она место каде што тие веќе се наоѓаат: на пр. во училишта и младински и спортски клубови. Ако имаш млади амбасадори може да биде корисно да ги вклучиш во овие посети, особено ако и ти не си младо коковче. На исто ниво, младите амбасадори можат да ја застапуваат важноста на гласот на младите луѓе и затоа да се приклучат на проектот. Друга опција е да ги замолиш твоите жиранти, кои ја имаат моќта на донесувањето одлуки, да ти се приклучат. Ова ќе испрати порака на младите учесници дека они кои ги донесуваат одлуките се искрено заинтересирани да ги слушнат нивните мислења.

### КОРИСТИ ПРИСТАП ВРСНИК-ДО-ВРСНИК

Оваа метода е слична со методата ''снежна топка'' која функционира вака: Младите амбасадори поканувааат други млади луѓе од нивната мрежа да учествуваат, кои потоа регрутираат млади луѓе од нивната мрежа и така натаму.

### ИСПРАТИ ПИСМА СО ПОКАНИ

Во контекст со еУчество можеби звучи како старовремена метода. Меѓутоа, добивањето на покана со твоето име на истата во твоето поштенско сандаче често го прави приемникот да се чувствува посебен и да ја свати поканат посериозно. Се разбира дека може да испратиш и e-mail, но поканата лесно може да се занемари поради веќе преполно влезно сандаче. За да си во можност да ја намениш оваа метода се разбира дека треба да имаш запис со адресите. Повторно, имањето на пристап до и користењето на овој вид на запис е многу специфично по земја: во некои земји, можеш да ги добиеш овие адреси преку бирото за пријавување на граѓани. Друга опција е да се купат адресите од компанија за истражување на пазарот.

### РЕГРУТИРАЈ ПРЕКУ ТЕЛЕФОН

Оваа метода е слична со горенаведената. Наместо испраќање на покана им се јавуваш на младите.

### СОМР И ИНТЕРНЕТ СТРАНА

Можеш да поканиш млади луѓе да учествуваат во твојот проект преку реклами на интернет и отворени покани. Твоите млади амбасадори исто можат да играат важна улога во ова со тоа што се најверојатно членови на facebook групи и слично каде што можат да ги споделуваат рекламите на проектот. Погледни го советот Компонирај комуникациска стратегија која исто така ќе е јавно видлива!

Ако твојот проект тече веќе неколку месеци, регрутирањето не е активност која се извршува еднаш. Може да биде нешто кое тече континуирано. Меѓутоа, треба да се одлучиш дали е потребно да ги задржиш истите луѓе во текот на целиот процес, што не мора задолжително да биде така.

Ако за легитимноста на твојот проект е важно учесниците да формираат разновидна и репрезентативна група на млади луѓе, тогаш мора да собираш демографски податоци. Меѓутоа, ова собирање на податоци не може да биде извршено на платформата на OPIN поради тоа што бара многу мал број на податоци кога се регистрираш. Така да, почни да ги читаш советите од Заштита на приватност и податоци: OPIN е безбедно место! Дали треба да целите кон диверзитет (мешавина на мислења и искуства) или репрезантираност (стаатистички примерок на популација) многу зависи од тоа каде се наоѓате во вашиот процес. Ако сте во почетната фаза и гласате, да речеме, за различни опции на полиси, тогаш треба да целите кон репрезентативност. Во секој случај, методата за избирање на учесници е истата.

Собирањето на демографските податоци треба да се изврши кога младите се зачленуваат во процесот. Кога крајниот рок за зачленување е одминат, треба да ги прегледате сите регистрирања и да составите група која ја рефлектира демографската дистрибуција во контекст со вашиот проект (на пр. училишен округ, град или регион). Да се осигураш дека само одбраните млади луѓе ќе учествуваат во онлајн активностите можеш да поставиш приватен процес на OPIN. Научи повеќе за ова во Корисничкото Упатство на OPIN![15]

**Пример: Социо-демографски критериуми**

- ПОЛ
- ГЕОГРАФСКА ЗОНА
- ЗАНИМАЊЕ (Н.ПР. АКО ПРОЦЕСОТ ВКЛУЧИВ МЛАДИ ЛУЃЕ КОИ ГО ЗАВРШИЛЕ НИВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ)
- ВОЗРАСНА ГРУПА (Н.ПР. 15-20; 21-25; И 26-30)
- СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ
- ДРУГ КОНТЕКСТ ИЛИ КРИТЕРИУМ СПРЕЦИФИЧЕН ЗА ПРОЕКТОТ

Друг начин да регрутираш диверзна група на млади луѓе е да соработуваш со локалните училишта, спортски клубови или слично. Ова исто така е начин да достигнеш до млади луѓе кои обично не учествуваат во овој вид на активности.

## Погрижи се за практичностите за твоите настани со лично присуство

Овој совет е прилично едноставен. Меѓутоа, некогаш овие поедноставните задачи се оние кои ги заборавaш кога си тотално внесен во некој возбудлив процес. Да се биде видно во контрола на практичната организација на проектните активности е знак за професионалност кој ќе се пренесе на твоите млади учесници, на луѓето кои ги донесуваат одлуките и на јавноста.

Кога си ја поставил датата за некој настан треба да резервираш просторија. Важно е да резерввираш одредено место за твојот настан, да речеме градската сала, би било полесно да се информираш кога е слободна па потоа да одлучиш за датумот. При резервирање простории, најважно е да се има во предвид дали ќе ги собере активностите кои си ги планирал за настанот. Ако твојот проект има политички жиранти може да разговараш за опцијата да го организирате настанот на нивното место на работа. Одржувањето на настанот во градската сала, парламентот или слично може да има мотивациски ефект на младите и навистина да им покаже дека нивното мислење ќе придонесе нешто за процесот на донесување на одлуката во политиката. Исто така можеби ќе биде полесно да ги убедиш новинарите да присуствуваат и да емитуваат за проектот.

**Пример за список за настан**

- Резервирај просторија
- Направи план на седење и план за сцената за просторијата
- Резервирај техничка опрема
- Направи список за потребен модерациски материјал, како презентациони карти или графикон
- Направи список за потребен комуникациски и промоциски материјал кој ќе се поделува
- Заврши ги договорите со говорителите (на пр. политички жиранти или инспирационални личности)
- Организирај заеднички превоз до местото на настанот ако е тешко достапно
- Погрижи се за кетеринг
- Регрутирај вработени за настанот

Иако твојот проект е добро подготвен, можат да се појават непредвидени ситуации. За да се справите со нив секогаш е подобро да имате повеќе учесници во тимот отколку да ви фалат.

15 https://opin.me/en/help/user-manual/



## Подгответе го менаџирањето на интернет мрежата

Клучот за успешен проект на еУчество е добар менаџер на интернет заедницата. Менаџер на интернет заедницата е нешто помеѓу чувар и пријател кој се грижи сè да се одвива како што треба. Ако се случи дискусиите да тргнат во друг правец, треба да ги вратите на темата. И најважно, не оставајте ги младите корисници сами 24 часа. Да се биде менаџер на интернет заедницата е повеќе од обична работа од 9 до 5. Меѓутоа, разбирливо е дека не можеш да бидеш вклучен/а и дење и ноќе. Затоа, пред да го поставиш проектот, треба да одлучиш колку често и кога ќе бидеш достапен/на на интернет, и ова да им го објасниш на младите учесници.[16] Ако не можеш да бидеш достапен/на после работните часови, извести ги младите кога можат да очекуваат одговор.

За доброто на младите учесници, треба да внимаваш што тие постираат. Треба да отстрануваш објави кои оддаваат лични податоци или не се во согласност со Кодексот на Однесување. Ако одлучиш да отстраниш нешто секако треба да го известиш и корисникот.

Како што веќе спомнавме погоре треба да внимаваш како твојот проект ќе влијае врз приватноста на учесниците.[17] Врз база на ова ќе треба да поставиш јасни правила на однесување на интернет како на пример што смее а што не смее да се прави. За да ги зачуваш активностите на интернет што ги прават учесниците безбедни, корисно е да организираш состанок лице во лице и да се постават правила за онлајн размислувањата. Можеш да им презентираш и некои вештини како добро да дебатираат на интернет. Повеќе за ова во **Фазата на Учество**, каде можеш да прочиташ повеќе и за улогата на интернет менаџерот откако ќе го започнеш процесот на еУчество!

**OPIN препораки за што треба а што не треба да прават учесниците**

| Треба: | Не треба: |
|---|---|
| Да користат псевдоними во OPIN платформата ако се малолетни.<br>Често да ја менуваат лозинката.<br>Да ги почитуваат другите кои придонесуваат и да постираат конструктивни мислења. | Да објавуваш лични податоци за себе или други.<br>Да изјавуваш нелегални, неетички и несоодветни мислења. |

## Внимателно тестирај го процесот на еУчество пред да започне

Многу е важно за сите кои се вклучени во тимот на менаџирање на проектот да се запознаени со OPIN платформата – а особено членовите на тимот кои се задолжени за менаџирање на интернет мрежата. Ова ќе се случи само ако активно се користи платформата и на тој начин се користат различните функции и карактеристики. секако, особено е важно да менаџерот на интернет мрежата е супер корисник. OPIN платформата исто така нуди лесни прирачници. Погледни ги за да научиш повеќе за OPIN функциите и улогите на корисниците![18]

Кога твојот онлајн процес е поставен треба да го тестираш. Во перфектен случај и твојот проектен тим и младите претставници треба да го тестираат и да дадат повратен одговор. Причината за тоа е двојна:

1. Имаш шанса да се ослободиш од технички проблеми. Ако нешто не функционира имаш време да го поправиш. Имаш само една шанса! Доколку нешто не функционира кога ќе го отпочнеш процесот, младите учесници најверојатно ќе им здосади и нема повторно да учествуваат.
2. Имаш шанса да ја измениш содржината на твојот процес (на пример текст и слики) доколку примиш помалку позитивни повратни информации од младите претставници.

16 погледнете го Кодот на Однесување на OPIN овде: https://opin.me/en/code-conduct/
17 погледнете го насловот Постави го точното прашање на вистинско место.
18 https://opin.me/en/help/user-manual/

## Приватност и заштита на податоци: OPIN е безбедно место

Придржувајќи се кон регулативите за приватност и заштита на податоци? Уф, нели тоа звучи како големо ветување? Верувајте ни – не е!

OPIN е безбедно место. EUth проектот и „Liquid Democracy„ кои ќе ја водат и одржуваат opin.me, се придржуваат кон Европската легислатива за заштита на податоци. Додатно, Liquid Democracy особено го исполнува Германскиот закон за заштита на податоци (BDSG). Оваа легислатива опишува како да се однесуваш со собирање, обработка или користење на лични податоци. На пример, да се осигураш дека авторизирани корисници на системот за обработка на податоци можат само да влезат до податоците од нивното ниво на авторизација, и дека личните податоци во нивното обработување, користење и потоа складирање неможат да бидат прочитани, копирани, изменети и отстранети од неовластени лица. EUth проектот и Liquid Democracy дури одат и понатаму: Податоците пренесени преку OPIN се чуваат на Европски сервери и не се даваат на трети странки. За процесот на регистрањето, OPIN бара само малку податоци, и тоа корисничко име и лозинка. Исто така, можно е и да се користат псевдоними при регистрација на OPIN.

Доколку сакаш малолетници да земат учество во твојот проект ти треба согласност од родителите за тие да можат да учествуваат. Малолетен е младо лице под 18 години. Кога малолетниците се пријавуваат на OPIN, тие се изјаснуваат преку нивната регистрација дека нивните законски старатели се согласуваат со учеството на нивниот син или ќерка.[19] Имај на ум дека е можно малолетниците да се регистрираат на OPIN без да ги вклучат нивните законски старатели во оваа одлука – но ти нема да бидеш правно одговорен, доколку тоа се случи. Но еден начин да ја избегнеш оваа ситуација е да ги вклучиш родителите или законските старатели повеќе во твојот проект.

Исто така, те советуваме да ги следиш овие основни совети:

- **OPIN силно ти препорачува да ги советуваш твоите учесници под 18 години да користат псевдоним како нивно корисничко име онлајн.**
- **Еднакво е важно да ја подигнеш свеста помеѓу учесниците за тоа да не откриваат лични податоци на платформата. Оваа тема можеш да ја спомeнеш при личните настани и/или јасно комуницирај за ова директно на OPIN. Внимателно менаџирање на интернет/модерирање на интернет мрежата и проверување на објавите на учесниците се две дополнително важни средства за да се избегне откривање.**
- **За време на лични настани (лице-во-лице), треба да побараш дозвола да ги сликаш учесниците. Доколку учесниците се малолетници, треба да вклучиш кутија со формулари за согласност, за да можат законските старатели да дадат нивна согласност и за тоа.**
- **Ако собираш лични податоци за твоите учесници не смееш да ги споделиш со трета странка. Личните информации вклучуваат сè по што може да се идентификува едно лице. Треба личните податоци да ги чуваш одделно од информациите што си ги собрал за време на настаните на проектот.**

Ако некогаш се сомневаш дека твојот проект е законски согласен или имаш прашања за заштита на податоците, треба да ја контактираш Управата за национална заштита на податоци.[20] Секогаш е подобро да си на сигурно кога станува збор за приватност и лични податоци!

19 Види го објектот број 3 од OPIN Полисата за Приватност: https://opin.me/en/privacy-policy/
20 http://ec.europa.eu/justice/data-protection/article-29/structure/data-protection-authorities/index_en.htm



# ФАЗА НА УЧЕСТВО: СТАВИ ГО ПРОЕКТОТ ВО УПОТРЕБА

**„Сè" што треба сега да направиш е да ги одржиш активностите за учество. Ако внимателно си ги одработил првите две фази од проектот, оваа фаза не би требало да биде комплицирана. Меѓутоа, ова не значи дека треба да се опуштиш.**



До сега веќе би требало да ги имаш средено сите подготовки, па сега е време да го ставиш проектот во пракса. Сега треба да се погрижиш да направиш добра позитивна средина за учество – и на крај, но не последно да добиеш резултати.

Во некои случаи, ова поглавје ќе се задржи поединечно на персоналните (очи-во-очи), активности и интернет активностите. Ова се прави за да се потенцираат некои разлики кои треба да се земат во предвид кога се одржуваат овие процеси. Меѓутоа, многу од овие совети и трикови кои се презентирани се од важност и за двата вида на учество.



## Подготви „чекор по чекор" упатства за твојот настан на учество „очи-во-очи"

Најдобриот начин да се осигураш дека твојот настан тече како што имаш планирано и посакувано е да разработиш чекор по чекор упатства и водич за целиот настан. Во овој контекст, упатството чекор по чекор е документ каде сите точки од програмата се разработени во детали, па секој член на тимот знае точно што да прави и каде. Корисно ќе биде ако направиш и индивидуални упатства за секоја назначена улога во настанот. Подолу можеш да видиш пример за чекор по чекор упатства за менаџер на проектот кој ја има одговорноста за координирање на работилница.

### Пример за чекор по чекор упатство

Врз база на пример од програмата за Фаза на Учество

| МЛАДИТЕ ОДЛУЧУВААТ: 100 000 ЕВРА ЗА МЛАДИНСКИ АКТИВНОСТИ ВО НАШАТА ОПШТИНА – КАКО ДА ГИ ПОТРОШИМЕ? | | |
|---|---|---|
| ВРЕМЕ | АГЕНДА | ЗАДАЧИ И ОДГОВОРНОСТИ: ПРОЕКТ МЕНАЏЕР |
| 08:30 | Брифинг на тимот | собери го тимот, погрижи се сите да се присутни, ако има отсутни најди замена.<br>Охрабри и мотивирај ги сите.<br>Повтори (на кратко) кои се улогите и задачите на сите.<br>Појасни ако има нејаснотии и одговори на прашања.<br>Погрижи се целата опрема да биде на место и е функционална. |
| 09:30 | ЗАПИШУВАЊЕ И ПОЈАДОК | Погрижи се да имаш екипа на влезот за да им помогнат и ги водат младите луѓе и да ги обезбедат со материјали и беџови со име и со број на маса.<br>Погрижи се да им обезбедиш место на посетителите ( новинари, политичари и други).<br>Погрижи се одговорните на групите да отидат до нивната маса. |
| 10:00 | ДОБРЕДОЈДЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ДЕНОТ | Почни ја програмата со тоа што ќе им дадеш збор на политичарите.<br>Погрижи се политичарите да го запазат времето.<br>Претстави се себе, заблагодари им на младите за учеството и направи кратка презентација на проектот. |
| 10:30 | ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ИДЕИ ОД КОЛЕКЦИЈАТА ЗА ИДЕИ НА OPIN | Претстави ги презентациите.<br>Погрижи се младите презентери да го запазат времето. |
| 11:15 | ПРВА РУНДА НА ГРУПНА РАБОТА | Презентирај ја задачата на оваа сесија.<br>Погрижи се да се запази програмата и времето.<br>Погрижи се сите членови од тимот активно да ги исполнат своите задачи. |
| 12:45 | РУЧЕК | Одвој време да поразговараш со младите луѓе и прашај како се одвиваат работите.<br>Потсети ги учесниците кога ќе бидат последните 5 минути од одморот, за да ја почнете наредната сесија на време. |
| ... | ... | И така натаму ... |



## Организирај семинар за обука на сите членови на тимот

За сè да се одвива без проблеми препорачливо е да организирш сесија за обука неколку денови пред настанот. Во оваа сесија треба да земат учество сите кои имаат некоја улога во програмата. Треба да се потрудиш и предходно да им испратиш поважни материјали како на пример, програмата, информациски материјал и чекор-по-чекор упатства, за да можат да ги прочитаат на време.

За време на семинарот, тимот на проектот треба да ја објасни улогата на младинското еУчество во проектот и што е поважно целите на настанот. Треба внимателно да ја објасниш секоја точка од чекор-по-чекор упатството и да ги објасниш разните улоги во настанот. Осигурај се да испланираш време за прашања и одговори, па така нејаснотии за програмата, улогите и друго навремено ќе бидат разјаснети. Ако дел од настанот е дискусија, корисно ќе биде да направиш и вежба каде ќе одглумите дискусија и како одговорниот на групата треба да се однесува. За време на оваа вежба , можеш да симулираш различни ситуации кои би можеле да се појават за време на сесиите и потоа да разговарате како одговорниот би можел да реши потенцијален проблем. Ако ги користите карактеристиките на еУчество за време на настанот лице-во-лице одговорните на групите треба и нив да ги тестираат, така ќе бидат подготвени да им помогнат на младите учесници ако имаат прашања.

Кога луѓето кои одлучуваат имаат улога во програмата, може да биде многу корисно да организираш брифинг сесија со нив за да бидат подготвени и тие да знаат точно што се очекува од нив. Ако немаат време за состанок, запознајте ги со сесијата преку телефон.

## Направи последни проверки и биди достапен за контрола на твојот настан(и) лице-во-лице.

Последното нешто кое треба да го направиш пред настанот е да ги провериш сите технички работи.

### Пример за листа на проверка: последна подготовка за настанот

- Подготви и испечати ги сите потребни материјали (пр. беџови и програма)
- Погрижи се сите формулари за согласност да се собрани (ако твоите учесници се малолетни)
- Погрижи се СЕ да биде спремно на местото (пр. редослед за седење и сцена)
- Провери дали сите технички системи работат ( Wi-Fi, AV и компјутерска опрема)
- Преуреди ги групите ако некој од младите учесници најавил дека нема да учествува
- Контактирај со важните гости спикери и обавестете ги за деталите (љубезен начин да потсетите зафатени луѓе за настанот)

На денот на настанот можете да се фокусирате на најважното: Да одржите успешен настан со среќни учесници и одлични резултати како исход!

## Претстави правила за добар дијалог помеѓу младите учесници

Многу важно е младите да се чувствуваат почитувано и удобно во вклучување со мислења како лице во лице така и во интернет мрежата. Во некои случаи, твојот проект можеби е нивно прво искуство во земање учество во демократски вежби. Затоа многу е важно да имаат позитивно искуство и всушност наредниот пат да земат учество кога од нив ќе се побара да го искажат своето мислење. Еден начин да се осигура ова е да се договорат правила кои ќе бидат водечки во давањето мислења. Подолу ќе најдеш листа на правила кои многу пати се користени во граѓански настани со учество низ годините. Се надеваме дека ќе те инспирираме да направиш и сопствени!

Инспирација: Правила за добар дијалог[21]

Однесувај се со почит кон сите

Слушај внимателно што имаат да кажат и другите

Не се прекинувајте еден со друг

Вклучи се во дискусијата

Фокусирај се на предметот

Давај кратки и јасни коментари

Кога коментираш, биди конструктивен

Одговорниот на групата одлучува кој ќе зборува

Одговорниот на групата е неутрален и не учествува во дебатата

Пред да започне размената на мислења треба да ги поминеш **Правилата за добар дијалог** со младите - на опуштен начин! Имањето одговорен на група е најефикасниот начин да се осигураш дека ќе ги почитуваат овие правила за време на размената на мислења.

## Постојано активирај ги и мотивирај ги младите преку интернет

До сега треба да го имаш подготвено секој детал за менаџирање на интернет мрежата, па од тука натаму треба само внимателно да се грижиш за онлајн заедницата на твоите млади учесници. Всушност како онлајн менаџер треба да ги моделираш дискусиите, да ги активираш младите и да внимавате на процесот на еУчество. Погледни ги Прирачниците на OPIN за да научиш повеќе за техничкиот дел кој можеш да го извршиш во твојата улога на онлајн менаџер (т.е. иницијатор и модератор).[22]

Процесот на еУчество се одвива подолг период па можеби ќе ти претставува предизвик да го задржиш вниманието на младите, но еве неколку совети како да го постигнеш тоа. Треба да осигураш добар дијалог помеѓу младите учесници. Ова значи дека ти треба да бидеш двигателот на добра врска и соработка со и помеѓу младите. Поддршката и повратните информации се многу важни. Треба секогаш да им бидеш достапен и да одговараш на нивните прашања што е можно побргу, како лично така и преку меил, инаку тие ќе изгубат интерес. Запомни да бидеш концизен и јасен во комуникацијата, бидејќи тие ќе очекуваат од тебе да бидеш онлајн за нивните прашања.

Ако нивото на активност е ниско, ТИ треба да ги мотивираш младите да бидат поактивни. Да речеме дека е постирана некоја идеја. Треба да ги поттикнеш младите да ја развијат и да поставуваат охрабрувачки прашања, но внимавај да бидеш неутрален и да не фаворизираш некои идеи на сметка на други!

Друг начин да ги мотивираш младите во размена на мислења е да побараш од луѓето кои имаат придобивки од резултатите, да бидат онлајн во конкретен период. Така луѓето кои ги носат одлуките ќе можат да ги насочуваат младите или ќе одговараат на прашања со што ќе ги мотивираат. Кредитори или експерти исто може да бидат повикани во оваа група. Меѓутоа, пред да ја активираш оваа можност, внимавај на можноста дека некои од овие луѓе можат да влијаат на исходот од процесот, па така ТИ, како онлајн менаџер треба будно да следиш ова да не се случи.

И последно, како онлајн менаџер имаш важна улога да го одржиш онлајн процесот безбеден. За доброто на младите, треба да внимаваш што тие постираат. Треба да ги отстраниш постовите кои оддаваат лични податоци или не се во согласност со **Кодот на Однесување**[23] и што смее а што не смее да се постира, а е веќе однапред договорено. Ако одлучиш да отстрануваш постови, треба секако да го известиш корисникот.

21 За специфични правила на интернет и совети погледни на *Prepare online community management u Keep the young continuously activated and motivated online.*
22 https://opin.me/en/help/user-manual/user-roles/
23 OPIN Кодот на однесување е достапен овде : https://opin.me/en/code-conduct/



Како што е предходно споменато во EU[th] препораките, малолетниците треба да користат псевдоними во OPIN платформата. Може да случи некои до нив да сакаат да го искористат фактот што не се знае нивниот идентитет да размислуваат и критикуваат на поостар тон. Без разлика на псевдонимот, ако им пречи на другите треба да го опомениш да ги почитува правилата. Ако ова не помогне, ќе треба да превземеш одговорност и да го исклучиш од проектот. Како и да е, има секако повеќе позитивни работи во користење на псевдоними за малолетниците!

## Побарај од младите да оценуваат и да прават евалуација

Евалуациските активности се двострани. Прво, ти служи на тебе за да научиш што било добро а што можеш да направиш поинаку наредниот пат кога ќе правиш сличен проект. Второ, документацијата им е потребна и на луѓето кои одлучуваат. Ако проектот добие позитивни оцени, тоа ќе ги зголеми шансите за и други проекти со еУчество да добијат подршка во иднина. На пример, ако 99% од младите одговорат дека пак би се вклучиле во ваков сличен проект, тоа зборува само за себе. И ако младите позитивно ја оценат организацијата на твојот проект, можеби луѓето кои одлучуваат ќе побараат од тебе и твојот тим да го организирате и наредниот ваков настан. Подолу имаме примери за евалуација од кои можеш да црпиш инспирација.

Инспирирачки Да/Не прашања за форма на евалуација

- Дали материјалите и видеата беа балансирани и информативни?
- Дали имаше различни и спротивставени мислења во дискусијата?
- Дали генерално си задоволен од организацијата на проектот?
- Дали веруваш дека резултатите ќе бидат корисно употребени за донесување политички одлуки?
- Дали проекти како **Младите Одлучуваат** треба во иднина да се организираат за различни или слични прашања?
- Дали повторно би се вклучил во проект како **Младите Одлучуваат?**

Бројките често кажуваат многу, но не СÈ. Ако сакаш да знаеш што поточно можеш да подобриш ќе ти требаат поквалитетни информации исто така. Еден начин да го дознаеш тоа е да поканиш по случаен избор неколку учесници – или твојот Управен Одбор – за евалуациски состанок неколку денови по настанот. Друг начин да добиеш позитивен публицитет е да направиш кратки видеа каде младите учесници ги споделуваат своите импресии од проектот.  Освен што ќе им ги покажеш видеата на луѓето кои одлучуваат, овие видеа можеш да ги споделиш на каналот на CoMp и да ги искористиш за регрутација на нови членови нареден пат кога ќе планираш проект со еУчество. Пред тоа, осигурај се младите кои се снимени да ти дадат согласност за да можеш да ги споделиш или да ги искористиш видео материјалите на друг начин во иднина.

## Согледувања и анализи со твоите учесници

Треба да ги собереш сите членови на тимот за целосна евалуација. Пред овој состанок многу е корисно ако членовите веќе имаат направено анализа на повратните информации од учесниците, па тие коментари бидат вклучени во дискусијата. Ако правиш повеќе настани треба да учиш од фидбекот  и да ги прилагодуваш твоите активности.

Без разлика дали активноста е лице во лице или е онлајн, клучната фраза е: Бидете во тек! Треба да ги известуваш младите учесници за напредокот на твојот проект. Треба да дискутирате за резултатите од некој настан и да видите какви се тие и како ќе се искористат. Со ова ќе им покажеш дека нивните придонесувања се важни, се земаат во предвид и така ќе ги мотивираш да останат вклучени во проектот.

# ФАЗА НА ИСХОД

**Запомни, успехот се мери според влијанието кои си го постигнал. Сè во оваа фаза се врти околу важноста на твојот проект. Добро, не сè – исто така треба да го процениш твојот проект, така што ќе бидеш склон/а кон правење уште поуспешен проект за младинска партиципација наредниот пат.**

Веќе се осврнавме на тоа дека повеќе работи можат да имаат влијание. Може да биде учењето кое младите луѓе го доживеале учествувајќи во процесот на учество; може да биде позитивниот впечаток кој локални политичари и донесувачи на одлуки го добиваат од младински проекти за учество; може исто директно да се интерпретира за буџетни распределби, инвестиции во установи за рекреација, и многу повеќе. Во твојот случај влијанието е пред сè остварувањето на целите коишто си ги поставил/а фо **Фазата на идеи.** Без разлика на тоа кон какво влијание си целел/а со твојот проект, важно е да им покажеш на младите луѓе дека нивното активно учество во демократски процес на донесување одлуки може да направи разлика.

Речиси си на целта. Сепак, сè уште има работа во подготвување и трансформирање на резултатите од проектот во достапни информации – коишто потоа можат да бидат споделени со оние луѓе кои ги донесуваат одлуките и пошироко. И не го заборавај оценувањето!

## Сподели ги резултатите на лесно достапен, транспарентен и примамлив начин

Излезните податоци од од твојата фаза на учество може да заземат многу облици. Без разлика на обликот, мнигу е важно резултатите да бидат презентирани на транспарентен начин којшто исто ќе биде примамлив за примателите. Бидејќи има повеќе приматели на резултатите, насочени напори се многу важни во овој случај. Може да ги прашаш различните групи на приматели како би сакале да ги добијат резултатите. Оние кои ги донесуваат одлуките можеби ги сакаат на еден начин, медиумите на друг, младите луѓе на трет.

Покрај презентирањето на резултатите во форма на идеи, препораки и слично, многу е важно да ја разјасниш значајноста и важноста на резултатите на твојот проект. Треба да му докажеш на секого дека се придобиваат излезни информации со висок квалитет преку вклучување на млади луѓе во процесите на донесување одлуки. Кажано на друг начин, треба да ги искористиш резултатите за да покажеш колку добро функционира твоето младинско учество.

## Презентирај ги резултатите лично на луѓето кои ги донесуваат одлуките

Се надеваме дека имаше поддржувачи кои на почетокот ветиле дека ќе ги земат во предвид резултатите на проектот. Твоја одговорност е да се осигураш дека ќе стојат на својот збор. Ако никој не го ветил ова, треба да продолжиш да ги убедуваш луѓето кои ги донесуваат одлуките за важноста на вклучувањето на млади луѓе во одлуките кои треба да бидат донесени.

Најдобриот начин да ги презентираш твоите резултати на луѓето кои ги донесуваат одлуките е да се сретнеш со нив лично. Електронска порака со прикачен извештај се чита многу ретко. Состанокот за презентација може да изгледа различно зависно од тоа на што ќе се согласат луѓето кои ги донесуваат одлуките. На пример, ако твојот проект е извршен во општина може да организираш прес конференција на која што ти и други млади ќе им ги презентирате резултатите на луѓето кои ги донесуваат одлуките и на други акционери. На овој начин резултатите ќе бидат пошироко споделени и можеби тоа ќе ги примами медиумите да го емитуваат настанот. Ова дополнително ќе им створи притисок на луѓето кои ги донесуваат одлуките да го сослушаат мислењата на младите. Состанокот, се разбира, може и да биде од помал обем. На пример, можеш да ги презентираш резултатите на состанок на општинскиот совет или да се состанеш билатерално со донесувачите на одлуките за да ги споделиш резултатите со нив. Значи твојата имагинација ги поставува границите.

Треба да бидеш добро подготвен/а за овие состаноци. Донесувачите на одлуки може да ти постават клучни прашања за проектот коишто треба да бидеш подготвен/а да ги одговориш. Прашањата со кои ќе се соочиш се често околу бројот на учесници, репрезентацијата, легитимноста на резултатите, неутралноста на информациите, и тн. Затоа, пред овој вид на состаноци, треба да го собереш твојот проектен тим или твој слушател и да ги разгледаш потенцијалните прашања и да припремиш одговори на нив.
Еден состанок со донесувачите на одлуките обично не е доволен. Треба да ги потсетиш на уникатните резултати кои што си им ги презентирал/а. Со други зборови, не треба да се откажеш премногу рано, туку да бидеш упорен/на, и се надеваме дека ќе ти се пружат нови можности на влијание.



## Сподели ги твоите резултати и пошироко од донесувачите на одлуки

Не е доволно само да ги презентираш резултатите на оние кои ги донесуваат одлуките. Пред сè, да се навратиш на младите луѓе е суштинско. Како прво, треба да им ги испратиш резултатите. Како второ, треба да ги информираш за иницијативите кои се реализираат за нивниот придонес да вреди, и за тоа кое влијание го има постигнато досега.

Во целина, твоите резултати треба да бидат слободно достапни на интернет за сите заинтересирани партии. Меѓутоа, директно треба да им ги соопштиш резултатите на целните групи кои претходно ги идентифицира кога ги спремаше комуникациските стратегии за твојот проект. Јавно да бидеш спомнет/а позитивно ќе влијае на шансите да ги постигнеш твоите цели.

## Процени го влијанието кое го има твојот проект

Проценка на влијанието ќе ти помогне да демонстрираш што имаш постигнато со твојот проект. Меѓутоа, може да претставува тешка задача да го документираш и измериш политичкото влијание кое е постигнато. Но ако почетно определиш јасно дефинирани цели, се движиш по вистинскиот пат. Проценка на влијанието е секогаш корисно. Ако влијанието е мало ќе научиш што да измениш во твојот следен проект. Ако постигнатото влијание е големо можеш да го искористиш во убедувањето на оние кои ги донесуваат одлуките да го поддржат и твојот следен проект за младинско еУчество, кога ќе побараш финансирање или кога ќе го промовираш твојот проект.

Многу е важно да се запамти дека влијанието е многу повеќе од донесување на конкретни политички одлуки. Затоа, проценката на постигнатото влијание е твоја шанса да го изложиш влијанието кое твојот проект го имал на повеќе различни нивоа. Како прво, тука се поиндиректните резултати кои можеле да го придонесат позитивно влијание кое проектот го имал, како на донесувачите на одлуки, така и на младите луѓе. На пример, овие резултати можат да покажат дека знаењето на младите за политика, за донесување одлуки и за други теми околу кои било разговарано - е збогатено. Истото може да важи и за оние кои ги донесуваат одлуките и за акционерите – дека оформиле (нови) ставови и мислења за одредените теми околу кои се дискутирало. И се надеваме дека искуството всадило поголемо чувство за активно граѓанство! Како второ, дискусиите можат да откријат позиции и проблеми за кои што оние кои ги донесуваат одлуките не биле ни свесни претходно. Ова може да доведе до преобликување на политичката дебата. Понатаму, и ова е нашата желба, проектот за еУчество ќе ѝ претстави нови начини на водство на вклучената организација.

## Евалуирај и одржи го твојот проект од почеток до крај

Ти и твојот менаџерски тим треба да ги евалуирате четвртата и последната фаза индивидуално – исто како што сте постапиле со првите три фази. Потоа треба да го погледнете проектот како целина. Овде извештаите од евалуациите би ви биле од голема корист. Сè на сè, искористи ја оваа можност за да научиш што поминало добро а што не и да размислиш околу предложените решенија за ова. Сумирај ги овие сознанија во краток извештај на кого можеш да се повикаш следниот пат кога ќе извршуваш проект за младинско еУчество.



Меѓутоа, не е доволно да го евалуираш проектот интерно во твојот тим. Можеш исто така да ги поканиш младите репрезентативци и оние кои ги донесуваат одлуките во две посебни евалуациски и проследувачки состаноци. Исто така е многу корисно да ги вклучиш и нивните гледни точки за процесот во твојот извештај. Состанокот со твоите поддржувачи со моќта на донесување одлуки е исто така и голема шанса да воспоставиш основа за твојата следна соработка на младинска учество.

И важна заклучна забелешка: пред да го затвориш проектот, осигурај се дека сите проектни ресурси се достапни за секого во твојата организација, за да не се изгуби ниеден важен податок. Можеш да имаш корист од истите во твојот следен проект на еУчество. Наместо да започнеш од почеток можеш да ажурираш и смениш веќе постоечки датотеки и на овој начин да бидеш уште по ефикасен/на во процесот на планирање.

## Иницирај го твојот следен проект на еУчество

Ако успеа да дојдеш дури до овој параграф, тоа значи дека или ги имаш прочитано сите страни на OPIN Упатството или си извршил проект за младинско еУчество. Во секој случај, честитки! Партнерите на EUth проектот се надеваат дека упатството на OPIN го поттикна твојот интерес да извршиш (повеќе) проекти на еУчество. Воглавно, граѓани – како млади така и стари – се политички многу ангажирани откако учествувале во процес на учество. Затоа, нашиот совет за тебе е да го иницираш твојот следен проект што е можно побрзо, за да можеш да ја одржиш оваа енергија. Овој вид на енергија е онаа која придонесува на одржувањето на нашата демократија!

## Партнери на EUTH проектот

### Координатор на проектор:

„nexus" Институтот за кооперативен менаџмент и интердисциплинарни истражувања, Германија

### Партнери на проектот:

Liquid Democracy e.V. (Liqd), Германија
Missions Publiques, Франција
IJAB - International Youth Service of the Federal Republic of Germany, Германија
Danish Board of Technology Foundation (DBT), Данска
Alfstore, Франција
Royal Institute of Technology (KTH), Шведска
Institute of Studies for the Integration of Systems, Италија
Development Centre of the Heart of Slovenia, Славенија
AEGEE - European Students' Forum, Белгија
European Youth Information and Counselling Agency (ERYICA), Луксембург

Доколку ти е потребно друга помош или компетентна повратна информација во поставување на твојот проект за еУчество, партнерите на EUth би биле среќни да ти помогнат!








This project has received funding from the European Union's Horizon 2020 research and innovation programme under grant agreement No 649594

EU$^{TH}$ - TOOLS AND TIPS FOR MOBILE AND DIGITAL YOUTH PARTICIPATION IN AND ACROSS EUROPE